# Алаховиот пратеник еднаш дојде пред нас и го прашавме: „,О, Аллахов Пратенику, ние знаеме како да те поздравиме со селам, но како можеме да испратиме салават врз тебе?

Абдурахман ибн Ебу Лејла рекол дека се сретнал со Каб ибн Уџрете, а тој го прашал: „Дали сакаш да ти дадам подарок?“ Алаховиот пратеник еднаш дојде пред нас и го прашавме: „,О, Аллахов Пратенику, ние знаеме како да те поздравиме со селам, но како можеме да испратиме салават врз тебе?‘ Пратеникот ни рече: ‚Кажете: Алахумме салли 'ала Мухамедин ве 'ала али Мухамед, кема салејте 'ала али Ибрахиме, иннеке Хамидун Меџид. Аллахумме барик ала Мухамедин, ве ала али Мухамед, кема баректе ала али Ибрахим, иннеке Хамидун Меџид.‘ (Аллаху наш, нека Твојата благодат биде врз Мухамед и врз семејството на Мухамед, како што беше и врз Ибрахим и семејството на Ибрахим, Тебе ти припаѓа благодарноста и Ти си Славениот. Аллаху наш, нека Твојот благослов биде врз Мухамед и семејството на Мухамед, како што беше врз Ибрахим и врз семејството на Ибрахим, Тебе ти припаѓа благодарноста и Ти си Славениот)“

[صحيح] [متفق عليه]

Асхабите го прашале Аллаховиот пратеник, алејхи селам, за тоа како да донесат салават врз него? Откако научиле како да испратат селам со „еттехијјат“ каде се изговара: „Есселаму алејке ејјухен-небијју ве рахметуллахи ве берекатуху...Божји пратенику нека врз тебе биде, мирот, милоста и благословите на Аллах...“ Аллаховиот пратеник, алејхи селам, им одговорил како да испратат салават за него, а неговото значење е: „Алахумме салли 'ала Мухамедин ве 'ала али Мухамед„ Пофали го со убави зборови во присуство на возвишено друштво, а и неговите следбеници во верата како и верниците од неговите блиски. „Кема салејте 'ала али Ибрахиме“ Исто како што го благодати му даде на семејството на Ибрахим, кое ги вклучува: Ибрахим, Исмаил, Исхак, нивните потомци и следбеници верници. Исто така, дарувај му ја твојата благодат и на Мухамед. „Иннеке Хамидун Меџид“ Тебе Ти доликува и Ти следува пофалба поради совршенството на Твоето битие, Твоите атрибути и Твоите дела. Безгранично е Твоето величество, моќ и давање. „Алахумме барик ала Мухамедин, ве ала али Мухамед, кема баректе ала али Ибрахиме.“ Тоа значи: дај му секое добро и почест, зголеми му го тоа добро и направи го трајно.